Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) и член 62, став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/05 и 14/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.05.2007 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПОЧЕТНИОТ ИЗНОС НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИТЕ, КАКО ЕДНОКРАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ ОПСЕГ 3,4-3,6 GHz ЗА ФИКСЕН БЕЗЖИЧЕН ПРИСТАП**

Член 1

Се дава согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, за фиксен безжичен пристап (Fixed Wireless Access – FWA), предложени од страна на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 2

Почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4 – 3,6 GHz, на цела територија на Република Македонија изнесува 100.000 евра.

Почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, во зависност од регионот кој ги опфаќа населените места и териториите на општините, изнесува:

| | |
|---|---|
| - Регион 1: (Град Скопје, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани, Сопиште, Чучер Сандево и Арачиново)............ | 50.000 евра |
| - Регион 2: (Куманово, Липково, С.Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка, Кратово, Штип, Виница, Кочани, Св. Николе, Лозово, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица)……….. | 15.000 евра |
| - Регион 3: (Велес, Чашка, Градско, Росоман, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилево, Ново Село, Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран)………… | 15.000 евра |
| - Регион 4: (Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Долнени, Кривогаштани, Могила, Новаци, Ресен)............................ | 10.000 евра |
| - Регион 5: (Охрид, Струга, Дебарца, Вевчани, Кичево, Македонски Брод, Другово, Зајас, Осломеј, Вранештица, Пласница, Дебар, Центар Жупа).............. | 10.000 евра |
| - Регион 6: (Тетово, Гостивар, Теарце, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Маврово, Ростуше)............... | 15.000 евра |

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, за фиксен безжичен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2007).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2895/1
15 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.